ПРАШАЊА КОИ МЕ МАЧАТ



МОВЕМБЕР

МЕСЕЦ НА МАШКОТО ЗДРАВЈЕ

НЕКОЛКУ МИНУТИ ЗА ВАШЕТО ИНТИМНО ЗДРАВЈЕ

Запрашајте се:

Дали во последните 6 месеци забележавте некоја од следниве промени?

Дали сте забележале промени во сексуалната способност во последниов период?	ДА НЕ
Дали потешко постигнувате ерекција отколку порано?	ДА НЕ
Дали имате тешкотии да одржите ерекција до крајот на сексуалниот однос?	ДА НЕ
Дали чувствувате намалена сексуална желба?	ДА НЕ
Дали сте помалку задоволни од вашиот сексуален живот?	ДА НЕ
Дали сексуалните тешкотии влијаат врз вашата самодоверба или врз интимниот однос со партнерот?	ДА НЕ
Дали некогаш сте разговарале со лекар за овие промени?	ДА НЕ

ЗОШТО Е ВАЖНО?

Еректилната дисфункција може да биде ран показател за постоењето на други здравствени состојби или да биде поврзана со:[1]

- дијабетес;
- висок крвен притисок;
- заболување на срцето и на крвните садови;
- хормонални нарушувања;
- стрес, анксиозност и психолошка оптовареност.

ЕРЕКТИЛНА ДИСФУНКЦИЈА – ПОВЕЌЕ ОД СЕКСУАЛЕН ПРОБЛЕМ[2]

Промените во интимното здравје се почести отколку што мислите – и не сте единствени. Тие може да бидат резултат на стрес, замор или на здравствени состојби.

Во Европа **14 – 25 % од мажите на возраст од 40 до 69 години пријавуваат еректилна дисфункција (ЕД)**, при што стапките се повисоки во **јужноевропските земји (21%)** во споредба со **Северна Европа (14%)**.[2]

Затоа, појавата на еректилни тешкотии не треба да се игнорира, особено или ако тие се повторуваат или траат подолго време.
Важно е да знаете дека еректилната дисфункција може да се лекува.



Ако препознавте една или повеќе од наведените промени кај себе, разговарајте со вашиот уролог. Навремената консултација може да помогне во откривањето на причината и во изборот на соодветен третман.

Едукативната кампања е овозможена од АЛКАЛОИД АД Скопје во соработка со проф.д-р Скендер Саиди, претседател на Здружението на уролози, како стручен консултант.

1.Salonia A, Boeri L, Capogrosso P, Corona G, et al. EAU Guidelines on Sexual and Reproductive Health. EAU Guidelines. ISBN 978-94-92671-32-5. EAU Guidelines Office, Arnhem, the Netherlands, 2026."
2: "Gabriela Novak. (2026, 02/12). Erectile Dysfunction Statistics. Worldmetrics, Global Commerce Media. https://worldmetrics.org/erectile-dysfunction-statistics/".

Информациите на оваа веб-страница се наменети исклучиво за општа едукација и не треба да се сметаат како замена за професионален медицински совет, дијагноза или третман. Тие не претставуваат препорака за конкретен лек, терапија или производ. Секогаш барајте совет од вашиот лекар или од друг квалификуван здравствен работник за сите прашања што можеби ги имате во врска со вашата здравствена состојба.

МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ПО УРОЛОГИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION OF UROLOGY

90 ГОДИНИ
АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
Здравјето пред сè